Бр./Nr 12-471/3
01-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на ден 31.08.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава број 12-471/1 од 30.12.2025 година во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско работно ангажирање на две лица во Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „-----------------------" во -------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата бидејќи од страна на подносителот на пријавата не е постапено по барањето на ДКСК и не се доставени бараните информации со прилог документација со кои би се конкретизирале пријавените наводи.

Предметот со број 12-471/1 од 30.12.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 30.12.2025 година до ДКСК доставена е пријава, по која е оформен предмет бр.12-471/1, во која подносителот изнесува наводи за сомневање за незаконско работно ангажирање на две лица во Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „------------------------------" во -------------, од кои едниот примал висока плата иако бил млад и без искуство а другиот не се појавувал на работа а примил плата.
Во насока на продолжување на своето надлежно постапување по оформениот предмет, а имајќи предвид дека во поднесената пријава се содржани општи наводи без конкретни информации, ДКСК побара од подносителот на пријавата да достави конкретни и целосни

информации за наводите во пријавата. Од страна на подносителот до ДКСК не се доставени бараните податоци.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата бидејќи од страна на подносителот на пријавата не е постапено по нејзиното барање и не се доставени бараните информации со прилог документација со кои би се конкретизирале пријавените наводи.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК